Бр./Nr 12-9172/2

19-06-2023 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 88-та седница одржана на 16.06.2023 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-9172/1 од 07.11.2022 година со наводи за нерегуларности и неправилности при спроведување на стечајна постапка **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, нема основ за надлежно постапување.

Предметот со број 12-9172/1 од 07.11.2022 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 07.11.2022 година, поднесена е пријава против лица учесници во стечајна постапка, неправилности и нерегуларности при нејзино спроведување како и инволвираност на судии во конретниот случај заради што оформен е предмет број 12-9172/1 од 07.11.2022.

Во пријавата подносителот наведува сомнеж за сторено кривично дело злоупотреба на службена положба и овластување на повеќе лица и тоа стечаен управник и стечајни судии при _________ ___ _______ во стечајна постапка со донесени незаконски судски Решенија. Станува збор за нанесена штета со донесена судска Одлука со која што на новиот сопственик му се наложуваат дополнителни обврски по основ подмирување на трошоци за период во кој купувачот се уште и официјално не бил сопственик над имотот од стечајниот должник. Донесеното судско Решение било обжалено до _________ ______ и по истото се постапувало така што од _________ ______ жалбата била отфрлена како недозволена.

По однос наводите истакнати во пријавата, ДКСК утврди дека нема елементи за нејзино надлежно постапување, поради што донесе одлука пријавата да се отфрли.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Дополнително, а имајќи предвид дека во пријавата се истакнати наводи за незаконито постапување на стечаен судија и судии од __________ ______, ДКСК го упатува подносителот да се обрати до Судскиот совет на РСМ, согласно член 62 од Законот за судски совет на Република Северна Македонија.

Поради горенаведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: П.Б
Одобрил: В.Г., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Катица Николовска**